# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 306** **22 декември 2020, вторник** **година LXXVI**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**

**С О Д Р Ж И Н А**

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 4190. | **Одлука** за дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена……………………………………………………………….. | **2** |
| 4191. | **Програма** за изменување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2020 година......................................... ……………………………………………………………….. | **7** |
| | **Огласен дел**....................................................................................................................... | **1-8** |

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**4190.**

Врз основа на член 28 став (8) и член 58 став (1) од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“бр. 66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15, 37/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 257/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 22 декември 2020 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕВЕНТИВНИ ПРЕПОРАКИ, ВРЕМЕНИ МЕРКИ, НАРЕДЕНИ МЕРКИ, НАМЕНСКИ ПРОТОКОЛИ, ПЛАНОВИ И АЛГОРИТМИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЗДРАВЈЕТО НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНАТА БОЛЕСТ COVID-19 ПРЕДИЗВИКАНА ОД ВИРУСОТ SARS-CoV-2, СЛУЧАИТЕ И ВРЕМЕНСКИОТ ПЕРИОД НА НИВНА ПРИМЕНА

Член 1

Во Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/20, 269/20, 275/20, 287/20, 292/20, 298/20 и 304/20), во членот 13, во точката 14., по ставот 1 се додаваат два нови ставови 2 и 3 кои гласат:

„Сите патници од Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска кои влегуваат на граничните премини на територијата на Република Северна Македонија, задолжително пополнуваат и потпишуваат Изјава за самоизолација под полна морална, материјална и кривична одговорност, со лични податоци, податоци за местото на престојување и временскиот период на престојот, која е дадена во прилог и е составен дел на оваа одлука.

За сите видови групни или индивидуални патувања, патниците од Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска кои транзитираат низ територијата на Република Северна Македонија, задолжително потпишуваат Изјава за транзитирање, која е дадена во прилог и е составен дел на оваа одлука.“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-8118/8
22 декември 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**И З Ј А В А**

за самоизолација

Јас, ______________________________________________, ЕМБГ ________________________, со адреса на живеење ___________________________________, од град _________________, изјавувам под полна морална, материјална и кривична одговорност дека ќе спроведам задолжителна самоизолација во времетраење од 14 (четиринаесет) дена, согласно Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.

Изјавувам дека на ______ (ден) _______ (месец) _____________ (година), влегов во Република Северна Македонија после престој во државата ______________________ погодена од Коронавирусот COVID-19.

Самоизолацијата ќе ја спроведам на адреса ____________________________________, во град ___________________ и за целото времетраење на самоизолацијата ќе бидам достапен на следниот телефонски број _____________________ или e-mail адреса _______________________________________, во случај на итност или потреба за контакт.

Воедно изјавувам дека ќе биде спроведена задолжителна самоизолација за малолетен сопатник – член на семејството:

1. ___________________________________, со ЕМБГ ___________________________________,

2 ___________________________________, со ЕМБГ ___________________________________,

3. ___________________________________, со ЕМБГ ___________________________________,

Потпис на подносителот

__________________________

Заверка на службено лице од

Министерството за внатрешни работи

на Република Северна Македонија

_______________________________________

S T A T E M E N T
for self-isolation

I, the undersigned, ____________________________, Passport No./ID number _____________________ from _________________________, employed at _______________ at/in ____________________, declare under full personal, moral, material and criminal responsibility that i will perform obligatory self-isolation within a duration of 14 (fourteen) days, thereby complying with the written Decision on recommendations for prevention, provisional measures, compulsory measures, purpose-specific protocols, plans and algorithms for procedures for protection of the health of the population against the COVID-19 contagious disease caused by the SARS-CoV-2 virus, cases, and on the period of application thereof.

I declare that on _____ (day)____ ( month ) _________ (year), i entered the Republic of North Macedonia after staying in country __________ affected by coronavirus COVID 19.

I will conduct self-isolation at _____________ (address) in the city ___________ and in case of emergency i will be available for the entire duration of self-isolation at the following telephone number _____________.

At the same time, i declare that compulsory self-isolation for a minor traveller – a family member, will be also carried out:

1. ___________________________, with Passport No./ID number _________________________,

2. ___________________________, with Passport No./ID number _________________________,

3. ___________________________, with Passport No./ID number _________________________,

Signature

________________________

Certification by an official person from
Ministry of the Interior of
the Republic of North Macedonia

_______________________________________

(signature and seal)

**И З Ј А В А**

за транзитирање

Јас, ________________________________________________________________

со пасош број ____________________________________________________

и со возило со регистарски таблици број ______________________________

изјавувам дека со мене има ____________ патници (да се наведе бројот) и дека

за време на транзитирањето од _____________________________________

до _________________________________ (да се наведат државите) ќе се придржувам на пропишаното време за транзит низ територијата на Република Северна Македонија во времетраењето кое е предвидено:

(3 часа________ - означува претставник на МВР) или

(5 часа_______ - означува претставник на МВР),

исто така, изјавувам дека нема да излегувам од потребната маршрута, се обврзувам задолжително да ја предадам Изјавата на излез од државата на претставникот на Граничната полиција (во спротивно може да следи упатување во државен карантин во времетраење до 14 дена) и ќе ги почитувам сите пропишани протоколи и мерки кои се во сила за спречување на внесувањето и ширење на Коронавирусот COVID-19, а кои се во согласност со Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.

Потпис на подносителот

__________________________

Време на влегување ____________________

Заверка на службено лице од

Министерството за внатрешни работи

на Република Северна Македонија

___________________________________

STATEMENT

for transit

I, ______________________________________________________________________

holder of Passport No./ID number ____________________________ using a vehicle, with

registration plates No. __________________________ hereby confirm that I am

travelling with _______________ co-passengers (state the number) and that in the course of the transit from ____________________________________________

to __________________________________________ (state the countries) I shall abide by the prescribed period for transit through the territory of the Republic of North Macedonia:

(3 hours ___________________________to be marked by a representative of the Ministry of the Interior) or

(5 hours _________________________to be marked by a representative of the Ministry of the Interior),

furthermore confirming that I shall not deviate from the designated route for transiting, as well as that I shall obligatorily present this Statement upon exit from the country to the border police (and if I do not present the Statement, I accept that I may be referred to state quarantine ) and that I shall abide by and apply all prescribed protocols and measures in force with a view to preventing the introduction and spread of the COVID-19 virus, which are in pursuance with the Decision on recommendations for prevention, provisional measures, compulsory measures, purpose-specific protocols, plans and algorithms for procedures for protection of the health of the population against the COVID-19 contagious disease caused by the SARS-CoV-2 virus, cases, and on the period of application thereof.

Signature

_______________________

Time of entrance ____________________

Certification by an official person from
Ministry of the Interior of
the Republic of North Macedonia

___________________________________

(signature and seal)

**4191.**

Врз основа на член 30 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 265/19) и член 7 ставови (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19, 244/19 и 275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 22 декември 2020 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ ЗА 2020 ГОДИНА**

I

Во Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 278/19, 13/20, 26/20, 89/20, 112/20, 153/20, 264/20, 275/20 и 292/20) во делот I износот „1.813.706.200“ се заменува со износот „1.863.706.200“, а износот „1.492.128.000“ се заменува со износот „1.542.128.000“.

II

Во делот II во ставот (1) износот „1.704.229.000“ се заменува со износот „1.754.229.000“.

Во табелата во мерката 322 „Обнова и развој на селата“ износот „119.000.000“ се заменува со износот „144.000.000“.

Во мерката 323 „Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја“ износот „98.000.000“ се заменува со износот „123.000.000“.

Во „Вкупно за мерки за финансиска поддршка на руралниот развој“ износот „1.704.229.000“ се заменува со износот „1.754.229.000“.

III

Во делот VIII во ставот (6) износот „1.000.000“ се заменува со износот „5.000.000“.

IV

Во делот XVI во ставот (5) износот „119.000.000“ се заменува со износот „144.000.000“.

V

Во делот XVII износот „98.000.000“ се заменува со износот „123.000.000“.

VI

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-12410/1
22 декември 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје**
**бул. Партизански одреди бр. 29, Поштенски фах 51.**
**в. д. директор и одговорен уредник – Татијана Лалчевска**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2020 година изнесува 12.200,00 денари.**
**„Службен весник на Република Северна Македонија“ излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: Печатница НАПРЕДОК ДООЕЛ Тетово**

ISSN 0354-1622

2020306